Тип на документ:
Подзаконски акт
Број на Службен весник:
58/2010
Датум на објавување:
27.4.10

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 97 став (2) од Законот за домување („Службен весник на Република Македонија" бр. 99/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 20.04.2010 година, донесе

# УРЕДБА
# ЗА КРИТЕРИУМИ И МЕТОДОЛОГИЈА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА СТАНОВИТЕ И СТАНБЕНИТЕ ЗГРАДИ

## Член 1

Со оваа уредба се утврдуваат критериумите и методологијата за категоризација на становите и станбените згради.

## Член 2

Становите и станбените згради се категоризираат врз основа на следните критериуми:
- вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) утврден согласно Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена и
- исполнување на стандардите за минимално и соодветно домување согласно прописот од член 8 став (4) од Законот за домување.

## Член 3

(1) Становите врз основа на критериумот од член (2) алинеја (1) од оваа уредба се категоризираат во осум категории и тоа:
- I категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 2.301 бод и повеќе;
- II категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 2.001 бод до 2.300 бода;
- III категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 1.701 бод до 2.000 бода;
- IV категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 1.401 бод до 1.700 бода;
- V категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 1.101 бод до 1.400 бода;
- VI категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 801 бод до 1.100 бода;
- VII категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) од 501 бод до 800 бода и
- VIII категорија - со вкупен бројот на бодови за м2 (ВББ/м2) под 500 бода.

(2) Становите од став (1) на овој член се станови кои ги исполнуваат стандардите за минимално и соодветно домување.

## Член 4

Категоризацијата на становите се врши согласно следната методологија:
- вкупниот број на бодови за м2 (ВББ/м2) се определува согласно Образецот 1 за утврдување на вредноста на становите кој е составен дел на Уредбата за методологија за утврдување на вредноста на станот, како и методологијата за утврдување на висината на закупнината, висината на непрофитната закупнина, начинот на плаќање на закупнината, просторните норми, начинот на користење на станот, постапката за доделување на непрофитни станови, станови за службени потреби, за привремен закуп и закупот на станови за определена намена;
- категоријата на станот се одредува во зависност од вкупниот број на бодовите за секоја категорија на станови од член 3 став (1) од оваа уредба и
- становите кои не ги исполнуваат стандардите за минимално домување утврдени со прописот од член 8 став (4) од Законот за домување се супстандардни станови.

## Член 5

(1) Станбените згради врз основа на критериумот од член 2 алинеја (1) од оваа уредба се категоризираат во осум категории и тоа:
- I категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) од 2.301 бод и повеќе;
- II категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) од 2.001 бод до 2.300 бода;
- III категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) од 1.701 бод до 2.000 бода;
- IVкатегорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) од 1.401 бод до 1.700 бода;
- V категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2(ВББ/м2) од 1.101 бод до 1.400 бода;
- VI категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) од 801 бод до 1.100 бода;
- VII категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) од 501 бод до 800 бода и
- VIII категорија - со просечен вкупен број на бодови за м2 (ВББ/м2) под 500 бода.

(2) Станбените згради од став (1) на овој член се станбени згради кои ги исполнуваат стандардите за минимално и соодветно домување.

## Член 6

Категоризацијата за станбените згради се врши согласно следната методологија:
- збирот од вкупниот број на бодови за стан (ВББС) од сите станови во станбената зграда се дели со вкупната површина на становите (ВПС), со што се добива просечна вредност на број на бодови по м2 за станбената зграда (ПВББ/м2) согласно следната формула:

$$\frac{\text{збирот од (ВББС) од сите станови во станбената зграда}}{\text{ВПС}} = \text{ПВББ/м2}$$

- категоријата на станбената зграда се одредува во зависност од просечната вредност на бројот на бодови по м2 определени за секоја категорија на станбени згради од член 5 став (1) на оваа уредба;
- доколку во станбената зграда постојат супстандардни станови нивната површина се пресметува согласно формулата од алинеја (1) на овој член, а не се пресметува во збирот од вкупниот број на бодови за стан (ВББС) на сите станови во станбената зграда;
- доколку во станбената зграда повеќе од половината од вкупната површина на зградата припаѓа на супстандард, тогаш целата зграда се смета за супстандардна;
- просечната вредност на број на бодови по м2 за станбената зграда (ПВББ/м2) е променлива категорија која зависи од промената на категоријата на становите, а категоријата на станбената зграда се менува во зависност од начинот и квалитетот на одржувањето на становите/станбените згради и
- при категоризацијата на станбените згради во пресметката не се зема во предвид деловниот простор.

## Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.51-1701/1
20 април 2010 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
м-р **Никола Груевски,** с.р.